бул. Киро Глигоров бр. 2 кат 2, Скопје
тел. (02) 5511 690, (02) 5511 691
tenderi@videolottery.mk

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ

**Почитувани,**

Друштвото за приредување игри на среќа Државна Видеолотарија на Република Македонија- Касинос Аустриа ДОО Скопје, со адреса на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје, објект ПРЕМИУМ Бизнис центар кат 2, телефон за контакт 02/5511-690, 02/5511-691, електронска адреса tenderi@videolottery.mk, лице за контакт Драган Велков, електронска пошта dragan.velkov@videolottery.mk има потреба од јавна набавка на услуги - **хотелски услуги**.

За таа цел, договорниот орган спроведува **постапка за Посебни услуги**, согласно член 121 и 122 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/19 и 87/2021), за што објави Оглас преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) во Посебни услуги.

Ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведениот предмет за набавка најдоцна до **02.03.2022** година во **10:00 часот** (по локално време) **по пошта на горенаведената адреса или лично со поднесување во писарницата на договорниот орган**.

Во прилог на оваа покана Ви доставуваме тендерска документација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата. Ве молиме при изготвување на Вашата понуда да ги користите обрасците кои се составен дел на тендерската документација.

Отворањето на понудите се врши на датумот и времето одерени како краен рок за поднесување на понуди.

Однапред благодариме на соработката.

| | |
|---|---|
| Во Скопје,<br>февруари 2022 година | Потпис на одговорно лице и печат<br><br>_______________________________ |

бул. Киро Глигоров бр. 2 кат 2, Скопје
тел. (02) 5511 690, (02) 5511 691
tenderi@videolottery.mk

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА
ПОСТАПКА ЗА НАБАВКА НА **УСЛУГИ ЗА ХОТЕЛСКО СМЕСТУВАЊЕ**
(**посебни услуги**)

Скопје, февруари 2022 година

Врз основа на член 48 и 121 и122 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19 и 87/21), подготвена е:

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

За набавка од Посебни услуги за набавка на **ХОТЕЛСКИ УСЛУГИ**

Тендерската документација содржи:


1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ДОГОВОРНИОТ ОРГАН И ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА
2. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА
3. ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА
4. ПОДНЕСУВАЊЕ И ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ
5. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ
6. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА
7. ПРАВО НА ЖАЛБА И ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА
8. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
9. МОДЕЛ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА
10. Технички спецификации

Прилог 1 – Образец на понуда
Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата.

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ДОГОВОРНИОТ ОРГАН И ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА

## 1.1.Договорен орган

1.1.1. Договорен орган е Друштвото за приредување игри на среќа **Државна видеолотарија** на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, со адреса на, бул. Киро Глигоров бр. 2 , објект ПРЕМИУМ Бизнис центар кат 2, Скопје, телефон за контакт 02/5511-690, 02/5511-691, електронска адреса tenderi@videolottery.mk, лице за контакт Драган Велков, електронска пошта dragan.velkov@videolottery.mk.

## 1.2. Предмет на договорот за јавна набавка

1.2.1. Предмет на договорот за јавна набавка **е сукцесивна набавка на хотелски услуги во Скопје.** Детален опис на предметот на договорот за јавна набавка е даден во техничката спецификација составен дел на оваа тендерска документација.

1.2.2. Предметот на набавката **не делив**.

1.2.3. Договорот за јавната набавка ќе биде **со времетраење од 1(една) година или до исцрпување на средствата определени во вредноста на договорот, зависно што попрво ќе се исполни или настане.**

**Договорниот орган не се обврзува да ги реализира сите парични средства.**

## 1.3. Општи мерки за спречување на корупцијата

1.3.1 Договорниот орган во постапката за јавна набавка и при извршување на договорот, ќе ги преземе сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од истата.

1.3.2 Кај договорниот орган Друштвото за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, лицето Костадин Каракабаков, контакт тел/моб. 02/5511-690, 02/5511-691, електронска адреса kostadin.karakabakov@videolottery.mk, е овластено за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи, а во врска со корупција во јавните набавки.[1]

## 1.4. Вид на постапка за јавна набавка

1.4.1 Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка за посебни услуги согласно член 121 и 122 од Законот за јавни набавки.

1.4.2 Набавката ќе се изврши со **објавување оглас на ЕСЈН во делот Посебни услуги** .

1.4.3 Оваа постапка **нема да се спроведува со користење на електронски средства** преку Електронскиот систем за јавни набавки.

# 2. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## 2.1 Достапност на тендерската документација

2.1.1 Тендерската докуметација е достапна на секој заинтересиран економски оператор преку ЕСЈН во делот Посебни услуги во формат кој економските оператори може директно да ги користат.

## 2.1 Појаснување на тендерската документација

2.1.1 Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган исклучиво во писмена форма најмалку 3 дена пред крајниот рок за поднесување понуди.

2.1.2 Појаснувањето договорниот орган ќе го достави преку истиот модул, како што е објавена и постапката.

# 3. ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА

[1] Во согласност со членовите 4 и 5 од Законот за заштита на укажувачи

### 3.1 Право на учество

3.1.1 Право да достави понуда има секое заинтересирано физичко или правно лице, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапката за јавна набавка го нудат предметот на набавка.

**Напомена:** Во моментот на поднесување на понуда сите понудувачи треба да бидат регистрирани на Електронскиот систем за јавни набавки.

### 3.2 Трошоци за поднесување на понуда

3.2.1 Економскиот оператор ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата, а договорниот орган не е одговорен за тие трошоци без оглед на водењето и на исходот од постапката за јавна набавка.

### 3.3 Јазик на понудата

3.3.1 Понудата, документите поврзани со понудата како и целата кореспонденција е на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, а во текот на евалуација на понудите, комисијата може да бара превод на македонски јазик.

### 3.4 Цена на понудата

3.4.1 Во цената на понудата треба да се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во денари или во валута **денари**.

### 3.5 Корекција на цени

3.5.1 При реализација на договорот за јавна набавка може да дојде до корекција на цените на предметот на набавка, при што корекцијата е дозволена доколку истата не е поголема од 10% од вредноста искажана во понудата.

3.5.2 Корекција на цените ќе се изврши на барање на која било од договорните страни. Договорната страна смее да бара корекција на цени доколку дојде до промена на средниот курс на Народна Банка на Република македонија за повеќе од 5% за валуа ЕВРО: Крсна листа од Народна банка на Република Македонија за валуа ЕВРО е 61,695 денари .

3.5.3 Како релевантен доказ за промената на цената на предметот на договорот за јавна набавка ќе се користи курсна листа од Народна банка на Република Македонија.

### 3.6 Начин на извршување на услугата

3.6.1 Носителот на набавката е должен услугите да ги врши совесно и квалитетно, според описот и природата на услугите, во согласност со нормативите и стандардите за овој вид на услуга.

3.6.2 Договорниот орган упатува барање за резервација најмалку 5(пет) дена пред датумот за потреба од услугата. Во барањето ќе се наведува број на соби ,тип на соби ,податоци за лицата корисници на услугата**.**

3.6.3 . Носителот на набавката е должен да ја потврди резервацијата.

### 3.7Рок за извршување на услугата

Носителот на набавката е должен сите услуги да ја извршува во определениот период во прифатената резервација.

### 3.8 Начин на плаќање

3.8.1 Начинот на плаќање е вирмански.

3.8.2. Услови на плаќање по извршена услуга.

3.8.2. Рок на плаќање: 15 дена по доставување на фактура во писарницата на договорниот орган. Составен дел на фактурата е документ за користење на услугата од лицата корисници и потврдата за резервација.

### 3.9 Период на важност на понудата

3.9.1 Понудата треба да е со важност од **60(шеесет**) дена.

3.9.2 Договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

**3.10 Средства за обезбедување**

3.10.1 Со понудата економскиот оператор доставува изјава за сериозност на понудата.
3.10.2 Со изјавата економскиот оператор изјавува дека:

- нема да ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- ќе ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- ќе го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- ќе ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

## 4. ИЗГОТВУВАЊЕ И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

**4.1 Поднесување на понудите**

4.1.1. Понудата се изготвуваат во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог на тендерската документација.
4.1.2. Понудуваното доставува еден оригинален примерок. Понудата се потпишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот или лице овластено од него со приложување на оригинално овластување.

**4.1.3 Затварање на понудите**

**Понудите се доставуваат во затворен коверт.**

Пример за адресирање на коверот

| |
|---|
| **“ НЕ отворај”** |
| Друштвото за приредување игри на среќа **Државна видеолотарија** на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје<br>бул. Киро Глигоров бр. 2 , објект ПРЕМИУМ Бизнис центар кат 2, Скопје |
| **НАБАВКА ЗА УСЛУГИ ЗА ХОТЕЛСКО СМЕСТУВАЊЕ** |

**4.2. Краен рок за поднесување на понудите**

4.2.1 Краен рок за доставување на понудите е **02.03.2022** година, до **10:00** часот.
4.2.2 Понудите се поднесуваат на следната адреса: бул. Киро Глигоров бр. 2 , објект ПРЕМИУМ Бизнис центар кат 2, Скопје.
4.2.3 Понудите кои пристигнале по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите ќе се сметат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошна евалуација.

**4.3. Елементи на понудата**

4.3.1 Понудата треба да е составена од следниве елементи:

– Образец на понуда (Прилог 1),
– Документи за докажување способност за вршење на професионална дејност,
– Изјава за сериозност на понудата (Прилог 2),
– Модел на договор (Прилог 3).
– Изјава за обезбеден паркинг (Прилог 4)
– Изјава за категоризација, број на соби и оддалеченост (Прилог 5)

Понудите кои нема да ги содржат погоре наведените документи ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**4.4 Отворање на понудите**

4.4.1 Отворањето на понудите НЕ е јавно, а ќе се изврши на ден и во време определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите,

4.4.2 Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

## 5. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

**5.1 Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

За да учествуваат во постапката за јавна набавка, економските оператори треба да докажат дека ја имаат потребната **способност за вршење на професионална дејност.**

**5.2 Начин на докажување на способноста на понудувачот**

5.2.1 За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави со својата понуда **документ за регистрирана дејност** како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

**5.3 Критериум за избор на најповолна понуда**

5.3.1 Договорниот орган како критериум за избор на најповолна понуда ќе ја користи економски најповолната понуда врз основа на:

- **Цената**.

5.3.2 За најповолна понуда ќе биде избрана понудата која има најниска понудена цена.

## 6. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

**6.1 Доделување на договорот за јавна набавка**

6.1.1 Договорниот орган ќе донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

6.1.2 Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата.

6.1.3 Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач.

**6.2 Известување за доделување на договорот за јавна набавка**

6.2.1 Договорниот орган ќе ги извести понудувачите за одлуките во врска со утврдената способност, извршениот избор на најповолна понуда, или поништувањето на постапката за јавна набавка. Известувањето се доставува во рок од три дена од денот на донесувањето на соодветната одлука.

6.2.2 Во прилог на известувањето ќе се достави и примерок од соодветната одлука, а истото ќе се испрати по почта на адресите на понудувачите.

6.2.3 По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

### 6.3 Склучување на договорот

6.3.1 Договорните страни го склучуваат договорот за јавна набавка во писмена форма во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.
6.3.2 Договорот за јавна набавка се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

### 6.4 Измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност

6.4.1.Договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка доколку промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка.
Вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот договор. Доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста на сите промени заедно.

## 7. ПРАВО НА ЖАЛБА И ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА

### 7.1 Право на жалба

7.1.1 Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.
7.1.2 Жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган.
7.1.3 Кај набавката од мала вредност, жалба се изјавува во рок од пет дена, од денот на:

1. објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација;
2. објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации;
3. прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.

Жалителот кој пропуштил да изјави жалба, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

### 7.2 Завршување на постапката за јавна набавка

7.2.1 Постапката за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

**9. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА**
**(Прилог 3)**

## МОДЕЛ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ – ХОТЕЛСКИ УСЛУГИ

Оглас за јавна набавка број ________/2022

Склучен на ден __.__.2022 година, помеѓу:

**I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. Друштво за приредување игри на среќа **Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје**, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, објект ПРЕМИУМ Бизнис центар кат 2, 1000 Скопје со ЕМБС 6926746, ЕДБ 4080014541703 депонент на Стопанска Банка АД Битола, жиро-ска 500000000890972, застапувана од Генерален директор Костадин Каракабаков, (во понатамошниот текст: **Договорен орган**), и

2. ________________________________, со седиште на ул. __________________ бр. ____ Скопје, ЕМБС ___________, ЕДБ _________________, депонент на ________________ Банка ад Скопје со жиро-сметка ___________________ застапувано од _____________________ (во понатамошен текст: **Носител на набавката**).

**II.ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ)**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) „ **Договорни органи„** се органите на државната управа и органите на законодавната и судска власт;.

2) „**Носител на набавката**„ – е Економски оператор односно, Понудувач чија понуда е избрана за најповолна од страна на Договорниот орган.

3) „ **Договор за јавна набавка на услуги**“ е договор за јавна набавка чиј предмет е набавка на услуги,;

4) „**Писмено**“ или „во писмена форма“. е секој израз што се состои од зборови или бројки што можат да се прочитаат, умножат и дополнително да се соопштат, како и информации што се пренесуваат и чуваат со помош на електронски средства, под услов сигурноста на содржината да е обезбедена и потписот да може да се идентификува

5**) „Животен век“** се сите последователни и/или меѓусебно поврзани фази, вклучувајќи ги потребните истражување и развој, производство, трговија согласно со условите, превоз, користење и одржување во текот на постоењето на производот или градбата или обезбедувањето на услугата, од стекнување на суровината или генерирање на ресурсите до расходување, уништување или завршување на услугата или употребата;

6**) „Ознака“** е секој документ, уверение или потврда што потврдува дека стоките, услугите, градежните работи, процесите или постапките ги исполнуваат утврдените барања;

7**) „Еквивалентно“** значи дека понудената стока или услуга има исти или подобри технички карактеристики од оние наведени во техничката спецификација на предметот на набавка;

8) „**Испорака„ -** значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките.

9) „**Сродни услуги„ -** претставуваат пропратни услуги на набавката на стоки, како што е осигурување, инсталација, почетно одржување и други слични обврски на Носителот на набавката според условите наведени во овој Договор.

10) „**Примерен рок“** е рокот во кој по редовен тек на нештата може да се изврши обврската што е во прашање во конкретниот случај.

**Член 1**

Предмет на овој договор се уредување на меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со потребата од набавка на **хотелски услуги** согласно Одлуката за јавна набавка бр._____ од __.__.2022 година, по спроведена постапка за јавна набавка за посебни услуги согласно член 121 и 122 од Законот за јавни набавки и согласно Одлуката за избор на најповолна понуда бр.______ од __.__.2022 година.

## III.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

**Набавка на хотелски услуги за период од 1 (една) година или до исцрпување на средствата определени во вредноста на договорот, зависно што попрво ќе се исполни или настане.**

## IV.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на овој Договор ќе се утврди врз основа на стварно извршените услуги, но не повеќе од вредноста искажана во Одлуката за јавна набавка во висна до **150.000,00** денари без ДДВ.

Единичните цени на услугата искажан во понудата е утврден врз основа на сите елементи кои важеле при прифаќањето на Понудата. Крсна листа од Народна банка на Република Македонија за валуа ЕВРО е 61,695 денари.
Единичните цени од овој договор може да се менуваат, при што корекцијата е дозволена доколку истата не е поголема од 10% од единичните цени искажана во овој договор.
Корекција на единичните цени ќе се изврши на барање на која било од договорните страни.
Барање за корекција на единичните цени може да се упати доколку дојде до промена на средниот курс на Народна Банка на Република Македонија за повеќе од 5% за валуа ЕВРО. Крсна листа од Народна банка на Република Македонија за валуа ЕВРО е 61,695 денари.
Како релевантен доказ за промената на цената на предметот на договорот за јавна набавка ќе се користи курсна листа од Народна банка на Република Македонија.

Единичните цени се:

| Р.број | Опис | Единица мерка | Единична цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Хотелско сместување – ноќевање со појадок во еднокреветна соба за 1 (едно) лице | ноќевање | |
| 2 | Хотелско сместување - ноќевање со појадок во двокреветна соба за 2 (две) лица | ноќевање | |

## V.НАЧИН, УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Начинот на плаќање е вирмански.
Услови на плаќање по извршена услуга.
Рок на плаќање е 15 дена по доставување на фактура во писарницата на договорниот орган. Составен дел на фактурата е документ за користење на услугата од лицата корисници и потврдата за резервација.

## VI.НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Носителот на набавката е должен услугите да ги врши совесно и квалитетно, според описот и природата на услугите, во согласност со нормативите и стандардите за овој вид на услуга.

Договорниот орган упатува барање за резервација најмалку 5(пет) дена пред датумот за потреба од услугата. Во барањето ќе се наведува број на соби ,тип на соби ,податоци за лицата корисници на услугата**.**

Носителот на набавката е должен да ја потврди резервацијата.
Носителот на набавката е должен да обезбеди паркинг простор за возилата.

**Член 6**

Носителот на набавката е должен сите услуги да ја извршува во определениот период во прифатената резервација.

## IX. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

Во случај на доцнење со извршувањето од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Договорната казна - пенали се определува во висина од 0,3% за секој ден задоцнување од вредноста на неизвршениот дел од став 1 на овој член со максимално пресметана казна до 30 дена задоцнување, при што е потребно веднаш по приемот на предметот на договорот, Договорниот орган да му врачи на Носителот на набавката писмено известување дека Договорниот орган го задржува правото на договорна казна - пенали.
Доколку Носителот на набавката не ја изврши услугата, Договорниот орган може да го раскине Договорот со проста изјава за раскинување на Договорот и за задржување на правото на договорна казна и надомест на штета.
Во случај на раскинување на договорот од став 4 на овој член, носителот на набавката е должен, во рок 15 дена од денот на раскинувањето на договорот, да му плати на Договорниот орган договорна казна во износ од 5% од вкупната вредност на договорот.
Во случај ако штетата што ќе ја претрпи Договорниот орган заради раскинување на Договорот е поголема од договорната казна, Носителот на набавката има обврска да му ја надомести на Договорниот орган разликата до целосниот надомест на штетата.

## XI. МЕЃУСЕБНИ КОНТАКТИ И ИЗВЕСТУВАЊА

**Член 16**

Договорните страни се согласни дека ќе определат претставници, кои ќе бидат лица за контакт со другата договорна страна по прашањата поврзани со спроведување на овој Договор.
ДОГОВОРЕН ОРГАН: Меги Јованова, Моб: 071 395 069, Е-маил: megi.jovanova@videolottery.mk
ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР Име и презиме: ______,Факс: ________,Моб: _______ Е-маил: _______

## XII. ВИША СИЛА

**Член 17**

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано согласно Законот за Облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Договорот стапува во сила со денот на неговото склучување.
Договорот се склучува на определено време од 1(една) година.

**Член 19**

Носителот на набавката е должен на набавувачот да му ја надомести штетата што ја претрпел поради неисполнување на договорните обврски.

**Член 20**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

**Член 21**

Договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка доколку промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка.
Вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот договор. Доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста на сите промени заедно.

Измени и дополнувања на основниот Договор можат да се вршат само со заедничка согласност на договорните страни во писмена форма во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.
Договорот може да се изменува и дополнува со Анекс за изменување и дополнување на основниот Договор потпишан од страна на двете договорни страни.

**Член 22**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи во Република Македонија.

**Член 23**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.
Доколку спорот не се реши спогодбено истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје, Основниот суд Скопје 2- Скопје.

**Член 24**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

**ПОНУДУВАЧ**

________________

,, *Понудувачот ( овластеното лице ) треба да го парафира понудениот Модел на Договор во тендерската документација со што формално потврдува дека ги прифаќа договорните услови, во случај да му биде доделена реализацјата на набавката ,,*

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

## 10. Технички спецификации

# ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА
# ЗА НАБАВКА НА ХОТЕЛСКИ УСЛУГИ

Набавка на **хотелски услуги во Скопје** согласно потребите на Државна видеолотарија на Република Македонија за период од 1(една) година.

Вредноста на набавката е до 150.000,00 денари без ДДВ за период од 1(една) година.

**Сместувањето треба да е во категоризиран објект најмалку 4 ѕвезди, со најмалку 15 еднокреветни и двокреветни соби, да е на локацијата не подалеку од 2 километра од центарот на градот, да има обезбеден паркинг простор за најмалку 3 возила**.
**Сместувањето ќе биде во еднокреветна или/и двокреветна соба со појадок**.

Цените на понудените хотели не треба да се повисоки од официјалниот ценовник на хотелот.

**Начин на извршување на услугата**
Носителот на набавката е должен услугите да ги врши совесно и квалитетно, според описот и природата на услугите, во согласност со нормативите и стандардите за овој вид на услуга.
Договорниот орган упатува барање за резервација најмалку 5(пет) дена пред датумот за потреба од услугата.
Во барањето ќе се наведува број на соби ,тип на соби ,податоци за лицата корисници на услугата**.**
Носителот на набавката е должен да ја потврди резервацијата.

**Рок за извршување на услугата**
Носителот на набавката е должен сите услуги да ја извршува во определениот период во прифатената резервација.

Комуникацијата за доделување на договор за јавна набавка ќе се одвива по електронски пат (е-маил).

Договорниот орган го задржува правото да не го реализира во целост вредносно договорот за набавката.

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

**Понудувач** ______________________________________________________________________

Врз основа на покана за поднесување на понуда од страна на Друштвото за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија- Касинос Аустриа ДОО Скопје, за **набавка на хотелски услуги**, во постапка за Посебни услуги согласно член 121 и 122 од Законот за јавни набавки, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ___________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ___________________________________________
- Телефон: ___________________________________________
- Е-пошта: ___________________________________________
- Лице за контакт: ___________________________________________

I.3. Одговорно лице: ___________________________________________

I.4. Даночен број: ___________________________________________

I.5. Матичен број:___________________________________________

I.6. Трансакциска сметка и банка депонент:_______________________________

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно барањата дефинирани во техничката спецификација дадена во тендерската документација.

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:

______________________________________________________________________ денари

*[со бројки и букви]*.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува

____________________________________________________________ денари

*[со бројки и букви]*.

III.1. **Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда**

| Р.број | Опис | Единица мерка | Единична цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Хотелско сместување – ноќевање со појадок во еднокреветна соба за 1 (едно) лице | ноќевање | |
| 2 | Хотелско сместување - ноќевање со појадок во двокреветна соба за 2 (две) лица | ноќевање | |
| Вкупно без ДДВ | | | |
| ДДВ | | | |
| Се вкупно со ДДВ | | | |

III.3. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.4.Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложениот нацрт – договор.

Место и датум                                        Одговорно лице

______________________                    ______________________

(потпис)*

* *Овој образец се потпишува своерачно, од одговорното лице или лице овластено од него* со прилог да се достави овластувањето.

**Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Понудувачот ________________________________________ [назив на економскиот оператор], како учесник во постапката за **набавка на хотелски услуги**, која се спроведува по оглас за јавна набавка број __________ објавен од страна на **Државна Видеолотарија на Република Македонија** – Касинос Аустриа ДОО Скопје, врз основа на член 101 став 4 од Законот за јавните набавки, со оваа изјава потврдува дека:

- нема да ги преземе дејствијата наведени во член 101 став 6 од Законот за јавните набавки,
- понудата има правно обврзувачка сила во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност
- е свесен за последиците од прекршување на оваа изјава, што ќе доведе до издавање на негативна референца од страна на договорниот орган согласно со член 101 став 7 од Законот за јавните набавки.

Во име и за сметка на понудувачот ______________________________

Изјавил,

Одговорно лице/Овластено лице*______________________________

(потпис)

Место и датум ______________________________

* *Овој образец се потпишува своерачно, од одговорното лице или лице овластено од него* со прилог да се достави овластувањето

**Прилог 4 – Изјава за обезбеден паркинг**

## И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме] а во својство на одговорно лице на понудувачот ____________________________________________________________________________
како учесник во постапката за **набавка на хотелски услуги**, која се спроведува по оглас за јавна набавка број ___________ објавен од страна на **Државна Видеолотарија на Република Македонија** – Касинос Аустриа ДОО Скопје, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека **имаме обезбеден паркинг за повеќе од 3 автомобили** за извршуваат услугите предмет на јавната набавка

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што ќе доведе до поведување на соодветна постапка против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава

Место и датум

___________________________

Одговорно лице

___________________________

(потпис)*

** Овој образец се потпишува своерачно, од одговорното лице или лице овластено од него* со прилог да се достави овластувањето.

**Прилог 5 – Изјава за категоризација, број на соби и оддалеченост**

# И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме] а во својство на одговорно лице на понудувачот ____________________________________________________________________________ како учесник во постапката за **набавка на хотелски услуги**, која се спроведува по оглас за јавна набавка број __________ објавен од страна на **Државна Видеолотарија на Република Македонија** – Касинос Аустриа ДОО Скопје под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека **хотелот е со ___ ѕвезди, со повеќе од 15 еднокреветни и двокреветни соби и е на локацијата од ____ километра од центарот на градот** на ул. _________________________________________________________ .

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што ќе доведе до поведување на соодветна постапка против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава

Место и датум | Одговорно лице

__________________________ | __________________________

(потпис)*

** Овој образец се потпишува своерачно, од одговорното лице или лице овластено од него* со прилог да се достави овластувањето